# Мое Здравје
## Вашето електронско здравствено досие

Преку апликацијата „Мое здравје“ секој граѓанин има увид во податоците за личното здравје. Апликацијата е поврзана со системот „Мој термин“ од каде се преземаат сите податоци.

## Кои податоци ви се достапни преку „Мое здравје“

- Реализирани прегледи кај матичен лекар
- Специјалистички, лабораториски, дијагностички и болнички упати
- Рецепти
- Вакцини кои ги имате примено

За секоја од наведените групи на податоци, се добиваат повеќе информации како:

- Датум на закажан преглед
- Датум на извршување на услугата
- Здравствена установа и здравствен работник кој ја извршил услугата
- Извештаи, резултати и отпусни писма
- Сертификати и решенија за вакцинација

Сите информации се поделени во две категории:

- Активни – сите актуелни документи
- Архива – сите изминати документи за повеќе години наназад.

# Користење на апликацијата „Мое здравје“

Апликацијата „Мое здравје“ е едноставна за користење. После првата најава преку Вашиот ЕИД профил, потребно е да поставите свој пин кој ќе го користите при секое следно влегување во апликацијата.



После секоја најава се појавува почетна страна со можност за директен пристап до различните видови лични податоци.



# Инфо

Доколку притиснете на иконата ⓘ која се наоѓа веднаш до Вашето име, ќе добиете информација за Вашето здравствено осигурување, дали е во моментов активно или не е активно.



# Специјалистички

Сите специјалистички упати се поделени на активни и архива.
Во активните упати има информации за:

- датум на закажаниот преглед или до кога е валиден упатот
- број на упат
- доктор кај кого е закажан прегледот
- институција во која треба да го извршите прегледот
- обележување дали упатот е со термин, без термин или итен



Во архивираните упати може да ги видите сите изминати упати поделени по години.
Достапни се следните информации:

- дали е реализиран упатот или не
- кога и каде е реализиран
- извештајот добиен после прегледот



# Лабораториски

Сите лабораториски упати се поделени на активни и архива.
Во активните упати има информации за:

- број на упат
- до кога е валиден упатот
- институција во која треба да го извршите прегледот



Во архива достапни се следните информации:

- дали е реализиран упатот или не
- кога и каде е реализиран
- извештајот добиен после прегледот



## Болнички

Категоријата „болнички“ Ви дава увид во:

- активните болнички упати (за каде и кога е издаден болничкиот упат, тип на упат)
- отпусните писма генерирани после хоспитализација

Во моментот кога Вашето отпусно писмо ќе биде изготвено, ќе можете да го видите во Вашата апликација „Мое здравје“.



# Дијагностички

Сите дијагностички упати се поделени на активни и архива.
Во активните упати има информации за:

- број на упат
- кога и каде треба да го извршите прегледот

Во архива достапни се следните информации:

- дали е реализиран упатот или не
- кога и каде е реализиран
- извештајот добиен после прегледот



# Рецепти

Категоријата „рецепти“ содржи информации:

- дали рецептот може веднаш да се реализира во аптека или
- датумот на важност не е сѐ уште доспеан

Посебно се означени рецептите за лекови кои не се на товар на Фондот за здравствено осигурување. И во оваа категорија има архива со сите изминати рецепти, реализирани или нереализирани.



# Прегледи кај матичен лекар

Оваа категорија Ви овозможува пристап до информации за датумот на закажување и реализација на прегледот, лекарот кој го извршил прегледот, шифра на дијагноза, креираниот упат и рецепт, како и можност за увид во содржината на извештајот од прегледот.



# Вакцини

Категоријата „вакцини“ ја содржи листата на сите вакцини кои сте ги примиле со датуми на примени дози и датуми на ревакцинација, како и можност за пристап до ковид-19 сертификатите и решенијата за изолација по добиен позитивен ковид-19 тест.



# Странично мени

Со клик на иконата со трите цртички се отвара странично мени со следниот избор:

- Мој профил (Вашето име и презиме)
- Дома (почетниот екран)
- Мои податоци
- Подесувања
- Промена на јазик
- Одјави се (при што ќе мора повторно да се најавите со Вашиот ЕИД профил)



# Мои Податоци

Со избор на „Мои податоци“ ќе ги видите Вашите лични податоци, податоците за Вашите матични лекари и податоците за Вашето здравствено осигурување.
Во „Мои податоци“ се наоѓа и пристап до профилите на малолетните лица кои се пријавени на Вашето здравствено осигурување. И за нив се достапни сите податоци кои се погоре појаснети.

Сите податоци се преземени од Фондот за здравство на Република Северна Македонија.



# Подесувања

Во Подесувања можете да изберете:

- Промена на пин
- Додади телефонски број
- Додади e-mail



# Промена на пин

Пинот со кој влегувате во апликацијата „Мое здравје" во секое време можете да го промените со избор на Промена на пин, во Подесувања.



# Додади телефонски број

На овој екран можете да го внесете Вашиот мобилен број. При секоја измена на телефонскиот број ќе добиете смс порака со код кој ќе треба да го внесете во апликацијата, за да потврдите дека тоа е Вашиот точен телефонски број. Внесениот телефонски број, ќе може да го користи Вашиот матичен лекар, за Ваша побрза комуникација.



# Додади e-mail адреса

При внесување на Вашата e-mail адреса,
код за потврда ќе добиете на внесената e-mail адреса.

